Република Македонија

Министерство за економија

---

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

Скопје, септември 2014 година

ВОВЕД

Предложената измена на законот се реализира согласно Извадокот од Нацрт-записникот на Владата на Република Македонија од Дванаесеттата седница одржана на 29.07.2014 година со кој "Владата ја разгледа Информацијата за дополнување на Уредбата за постапката за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Република Македонија за да се овозможи продажба на акциите на Рекреатурс АД Белград кои се во сопственост на Министерството за финансии и Владата на Република Македонија (нов текст), ја усвои и го задолжи Министерството за економија да подготви и до 20.08.2014 година да достави Предлог-закон за дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал со што ќе се предвиди можноста постапката за продажба на акции и удели во странски претпријатија да се уреди со Уредбата за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 32/2003, 41/2004, 89/2005, 69/2010 и 154/2012 година)".

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Македонија продажбата на акциите и уделите во претпријатијата и банките во случаи каде сопственик на истите е Владата на РМ, односно органите на држава власт е регулирана со Законот за приватизација на државен капитал ("Службен весник на РМ бр.37/96, 25/99, 81/99, 49/2000, 6/2002 и123/2012) и Уредбата за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 32/2003,41/2004,89/2005,69/2010 и 154/2012).

Меѓутоа, во ситуација во која Владата на РМ и Министерството за финансии се сопственици на акции во друштвото Рекреатурс АД Белград (како и во други случаи кои може да се јават) продажбата на овие акции треба да се реализира согласно регулативата на соодвената држава во која се наоѓа седиштето на ова претпријатие (во случајот-Република Србија), за што во нашиот закон не е даден правен основ. Применувањето на соодветната регулатива која е донесена во земјите во кои е седиштето на соодветната компанија, односно банка, а се однесува на продажбата на акции на РМ во истите ќе биде поблиску утврдено и со подзаконскиот акт (наведен во член 12 од постојниот текст на законот), односно тоа е Уредбата за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 32/2003,41/2004,89/2005,69/2010 и 154/2012 година)", која треба исто така соодветно да се дополни. Но основот за примената на регулативата на соодвената држава, при продажба на акциите треба да биде даден со Законот за приватизација на државниот капитал.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на предложеното дополнување на Законот за приватизација на државен капитал е да се даде законски основ за примена на соодветната регулатива од земјите каде се наоѓаат друштвата, односно банките (или нивните седишта) во чија главнина РМ или органите на државна власт во РМ имаат свои акции, односно удели.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Самиот Предлог законот за дополнување на Законот за приватизација на државен капитал нема да предизвика промени во буџетот.

Меѓутоа, при примената на дополнетата одредба од Предлог законот за дополнување на Законот за приватизација на државен капитал ќе се предизвика прилив во буџетот, доколку се реализира продажба на акциите на РМ (Влада на РМ и Министерство за финансии во случај со АД Рекреатурс Белград) за износот од остварените приходи од продажба минусирани за износот на трошоците на таа продажба. Исто така, со извршената продажба ќе се запре и трошењето по основ на управање со овие акции .

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТ

За спроведување на Предлог законот за дополнување на Законот за приватизација на државен капитал не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

## Член 1

Во Законот за приватизација на државниот капитал („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 25/99, 81/99, 49/2000, 6/2002, 74/2005 и 123/2012), во членот 9 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

(5) „Продажбата на државен капитал, изразен во акции и удели во претпријатија кои се со седиште во други држави надвор од границите на Република Македонија, односно акции во банките и финансиските институции кои се со седиште во други држави надвор од границите на Република Македонија, се спроведува согласно прописите на тие држави.

(6) Начинот и постапката за продажбата на државен капитал во случаите од ставот (5) од овој закон поблиску ќе бидат пропишани со актот од член 12 од овој закон.

## Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за приватизација на државниот капитал.

## Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА РЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлог законот се дополнува постојниот закон во членот 9, при што по ставот 4 се додаваат два нови става (5) и (6), така што со ставот (5) се дава правен основ за примена на прописите на други држави соодветно на тоа каде се наоѓаат друштвата, односно банките во кои РМ има акции односно удели, додека во ставот (6) од дополнувањето се предвидува ова поблиску да се регулира и со актот од став 12 од Законот, односно со Уредбата за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Република Македонија,

Со членот 2 на предлог законот се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на РМ да утврди пречистен текст на Законот за приватизација на државниот капитал.

Со членот 3 од предлог законот се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби во законот се меѓусебно поврзани со постојните одредби на законот. По измената на законот ќе следи соодветна измена на Уредбата за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Република Македонија, како подзаконски акт кој поблиску ја уредува постапката за продажба на акции односно удели.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со воведувањето на предложената одредба ќе се овозможи примена на соодветната регулатива од другите земји вон границите на Република Македонија, при продажбата на акции односно удели на Република Македонија односно на органите на државна власт на Република Македонија, во друштва односно банки со седиште во тие држави.

## IV. ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 9

(1) На продажбата на државниот капитал изразен во акции и удели соодветно се применуваат одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, доколку поинаку не е уредено со овој закон.

(2) Почетната продажна цена на акциите и уделите, предмет на продажба ја утврдува Комисијата за приватизација во согласност со одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

(3) Продажбата на државниот капитал изразен во акции и удели во претпријатијата ја спроведува Министерството за економија, а продажбата на државниот капитал изразен во акции во банките и финансиските институции ја спроведува Министерството за финансии.

(4) Продажбата на акциите и уделите се врши во пакет или во делови, а налогот за продажба, кога продажбата се врши преку јавна берзанска аукција, го издава министерот за економија, односно министерот за финансии.